**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Слободанка Колоска**
**именуван за подрачјето на**
**основните судови**
**Охрид, Струга и Дебар**
**ул. Димитар Влахов 13/9**
**izvrsitel.koloska@gmail.com**
**тел. 046/256-420;070/359-383**

**Образец бр.66**

**И.бр.1000/22**

Извршителот **Слободанка Колоска** од **Охрид** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **Друштво за производство трговија и услуги СИГНАС-АГРО ДООЕЛ увоз-извоз с.Велешта Струга** и седиште на с.Велешта,преку полн.адв.Марјан Шикалески Струга, засновано на извршните исправи Пресуда МАЛВПЛ1-П-19/21 од 05.04.2022 на Основен суд Охрид и Пресуда ГЖ-998/22 од 13.04.2022 на Апелационен суд Битола, против должникот **Бекир Кадриески** од с.Лабуништа Струга со живеалиште на с.Лабуништа, за спроведување на извршување во вредност 128.999,00 ден.на ден 15.11.2024 година го издава следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста **ливада ,** запишана во **лист Б од Имотен лист бр.1712 за КО Лабуништа** при АКН на РСМ -ОКН Струга со следните ознаки

1/3 од КП.бр.302, викано место Село, култура зз/л, класа 5, вкупна пов. 2.678 м2, која се наоѓа во сосопственост на должникот **Бекир Кадриески** од с. Лабуништа Струга.

Продажбата ќе се одржи на ден **10.12.2024** год.во **13:00 часот** во просториите на Извршител Слободанка Колоска во Охрид на ул. Димитар Влахов бр. 13/9 Охрид. .

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр. 1000/22 од 22.01.2024 год. изнесува 823.485,00 ден. под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености. Налог за извршување врз недвижност И.бр. 1000/22 од 04.07.2023 год. на Извршител Слободанка Колоска. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210073986200278 која се води кај НЛБ банка АД Скопје и даночен број 5020019504637.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Даноците и другите давачки во врска со продажбата на недвижниот имот паѓаат на товар на купувачот.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Слободанка Колоска

Д.-на: Доверител, Должник, Сосопственици
Соседи на земјиште, УЈП, Државно Правобранителство
Даночно одделение при Општина Струга

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Струга, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.